Бр./Nr 12 - 4296/2
16 -12- 2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 42 седница, на продолжението на седницата одржано на ден 14 Декември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 4349/1 од 17.09.2019 година на подносителот ------------------------ од -------------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-4349 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 4349/1 од 17.09.2019 година.

Предметот со број 12-4349 од 2019 годи да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

До подносителот на пријавата да се достави упатување, пријава за своите сомневања за евентуална дисциплинска одговорност и/или за нестручно и несовесно вршење на судиската функција на посочениот судија да достави до надлежниот орган - Судски совет на Република Северна Македонија.

Образложение

Предметот со број 12 - 4349 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-4349/1 од 17.09.2019 година, од познат подносител - физичко лице, ------------------ од ---------------, со познати адресни податоци.

Со предметната пријава се изразува незадоволство од постапувањето на службеното лице ----------------------------, судија на ------------------ која постапувал во предметот и постапката кај овој суд заведени под ---------------------- во која подносителот на пријавата е -----------------------------------------------------------.

Од содржината на пријавата произлегува дека во ------------ година, од ------------------, ------------------------------- против подносителката, -----------------------------------, за ----------------------------------------.

Од содржината на пријавата и приложените списи произлегува дека од ---------- судија, во постапката по овој -------------------------------- била донесена пресуда со која ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------. Последователно по спроведена постапка пред Апелациониот суд во ------------------------, од истиот суд – во повторна постапка на ден ----------------- година од судијата ----------------------------- била донесена пресуда со која ------------------------- и на плаќање на трошоци на постапката и на трошоците на постапката на --------------------.

Според подносителот судијата ----------- на штета на -------------- врз основа на ургенции од ----------- ----------------, а слични наводи има и по однос на постапувањето на Апелациониот суд.

По однос на судијата ------------------ ---------- наведува дека истата, иако ----------------------- дека ---- -------------------------------------------- ----------------------------------------------------------------------------------------- ------------------------ ----------------------------- и задолжување за плаќање на трошоци.

Освен погоре наведеното ------------------ наведува дека --------------------------------------------- ------------ -------------------------------------------- .

Подносителот со пријавата доставува копии од поднесоци кои ги --------------------- во текот на постапката пред првостепениот суд, вклучително и барање за изземање на судијата, но не го доставува решенито на судот по однос на барањето за изземање, а не ја доставува ниту одлуката на Апелациониот суд --------------------------- кој постапувал во постапка по жалба. Во овој контекст може да се претпостави дека --------------------------- не е подносител на жалбата, односно и не е посочено дали поднел жалба на пресудата донесена во повтореното судење.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава и приложената документација Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека истата не упатува на злоупотреба на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани, за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, односно истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Дејствувањето на судијата во овој предмет и постапка, може евентуално да биде предмет на оценка и на постапување на друг надлежен орган во Република Северна Македонија, - Судскиот совет на РСМ.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Упатување до подносителот**

Се упатува подносителот на пријавата бр. 12- 4349/1 од 17.09.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата,пријава со целосна документација за своите сомневања за евентуална дисциплинска одговорност и/или за нестручно и несовесно вршење на судиската функција на посочениот судија, да достави до надлежниот орган - Судски совет на Република Северна Македонија.

**Одлучено на ден 14 Декември 2020 година под број 12 - ________/___**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК
Доставено до
-Архива
-Подносителот